ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-15549/2
26-10-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј
# ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА ФИНАСИСКА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТАНА И ИСПЛАТЕНА ПЛАТА НА МЕДИЦИНСКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ ДИРЕКТОР ВО ЈЗУ УК за пластична и реконстуктивна хирургија – Скопје

**октомври, 2022 година**

# И З В Е Ш Т А Ј
## ОД ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТАНА И ИСПЛАТЕНА ПЛАТА НА МЕДИЦИНСКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ ДИРЕКТОР ВО
## ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје
## за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година

Согласно добиениот налог број 08-15549/1 од 20.10.2022 година за вршење на вонредна финансиска контрола, направена е контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија.

Контролата е извршена согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот), од страна на овластените финансиски контролори од Фондот дипл.ек. Лилјана Пандиловска и М-р Соња Кузманоска.

Контролата е извршена во октомври 2022 година.

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:

Име и презиме: Мирјана Наумовска
Функција: **Раководител на финансии**.

Телефон за контакт: 02/3147247 (фиксен телефон во установата)

### 1. Основни податоци за раководството од установата:

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Директор лекар | Асс.Д-р Софија Пејкова – субспецијалист по пластична хирургија | Медицински Директор | Од 29.10.2019 година Реш. Бр. 02-1777/2 |
| Директор економист | Бехар Емини | В.Д.Организациски Директор | Од 11.02.2022 година Реш. бр. 11-1475/1 и Од 11.08.2022 година Реш. бр. 11-1475/3 |

На увид на контролата дадени се:
-Менаџерскиот договор за - медицински директор Асс.Д-р С.П. со архивски број 0402-134/1 од 11.02.2020 година, и
-Решение за именување на вршител на должност Б.Е. со архивски број 0402-346/2 од 11.08.2022 година.

Во ЈЗУ УК за Пластична хирургија дадени се на увид Овластувања со кои се овластуваат директорите на ЈЗУ УК за Пластична хирургија - Скопје од страна на Министерство за здравство за потпишување на:

- Анексот за изменување и дополнување на поединечниот Колективен договор со самостојниот синдикат на вработените во Универзитетски клиники,центри,клинички болници и други јавни

установи во Република Македонија со архивски број од Министерство за здравство 17-110/1 од 02.01.2020 година.

- Анексот за изменување и дополнување на поединечниот Колективен договор со самостојниот синдикат на вработените во Универзитетски клиники,центри,клинички болници и други јавни установи во Република Македонија со со архивски број од Министерство за здравство 17-1665/1 од 12.02.2020 година.
- Анексот за изменување и дополнување на поединечниот Колективен договор со самостојниот синдикат на вработените во Универзитетски клиники, центри, клинички болници и други јавни установи во Република Македонија со со архивски број од Министерство за здравство 17-599/1 од 30.07.2021 година.

На контролата и е дадено на увид Известување од страна на Министерство за здравство со број 10-2263/23 од 04.06.2018 година, со кое „министерот за здравство дава согласност за воведување на дежурства само за доктори специјалисти и медицински сестри кои се здравствени работници со кои ќе биде обезбедена 24 – часовна здравствена дејност, согласно законските прописи". Од страна на ЈЗУ Известувањето е архивирано на 08.06.2018 година со број 0302-251/3.

На контролата не и е дадено на увид одобрување/согласност од МТСП за услови за работа ( за скратено работно време)

На контролата и е дадена на увид Согласност од Социјалистичка Република Македонија - Републички комитет за труд и социјална политика со архивски број 03-1070 од 29.09.1989 година со која "Работниците во ООЗТ Клиника за хирушки болести со самоуправен општ акт да можат да утврдат скратување на работното време и тоа:.........".

На контролата не и е дадено на увид согласност од МТСП за работа во услови потешки од нормалните .

За медицински директор е дадено на увид Решение на работникот С.П. на работно место Директор, Оддел за микрохирургија и реконструктивна хирургија во ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија Скопје со архивски број 0402-137/2 од 12.02.2020 година. Во решението се утврдува коефициент на сложеност 8,070, услови за работа 4% и минат труд 10%..

За организациски директор е дадена на увид Одлука број 0402-59/1 од 15.02.2022 година за организациски директор со која му се утврдува бруто плата. Во Одлуката се утврдува коефициент на сложеност 6,379.

Пресметување на плата на медицински директор

| **Назив по колективен договор** | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| **Вредност на бод** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** |
| коефициент на сложеност: | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 |
| минат труд (%): | 8,75 | 8,75 | 8,75 | 8,75 | 9 | 9 | 9 | 9,187 | 9,187 |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство во хирургија | 8ч/8ч Прег./пресм.* | 8ч/8ч Прег./пресм | нема | нема | 8ч/8ч Прег./пресм | нема | 2x8ч/16ч Прег./пресм | 8ч/8ч Прег./пресм | 8ч/8ч Прег./пресм |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (155 % ): | | | | | | | | | |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија (207 % ): | нема | нема | 16ч/16ч Прег./пресм | нема | нема | нема | нема | нема | 2х16ч/32ч Прег./пресм |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

**Прег./пресм (преглед на дежурства по датум / пресметка на плата)*

Медицински директор во периодот јануари – септември 2022 година има примања по основ плата и тоа:

- Основна плата
- Минат труд
- Додаток по основ услови на работа
- Дежурства ( вкупно – обично дежурство седум пати по 8 часа часа ) и
- Дежурство во викенд и празник (три пати по 16 часа)

освен горенаведените примања, нема други додатоци на плата .

Пресметување на плата на организациски директор

| Назив по колективен договор | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| **Вредност на бод** | нема | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** |
| коефициент на сложеност: | нема | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 |
| минат труд (%): | нема | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

Организациски директор во периодот јануари – септември 2022 година има примања по основ плата и тоа:

- Основна плата и
- Минат труд

освен основна плата и минат труд нема примања по основ додатоци на плата .

На контролата и е даден на увид образец „Листа на евиденција на доктори“ во која по денови фигурира потпис на доц. Д-р.С.П. како и електронска листа , образец „Преглед на Дежурства по датум и вид на часови“ во кој се евидентирани дежурствата.

На контролата и е даден на увид образец „Листа за евиденција на администрација“ во која по денови фигурира потпис на Б.Е.

Коефициентите на сложеност за двајцата директори во ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје ( 8,070 и 6,379) се во согласност со КД.

Вредноста на бодот е во согласност со Спогодбата за најниска плата во здравството (14.090 денари).

Основната плата се пресметува правилно (само основниот коефициент на сложеност помножено со 14.090 денари ).

Пресметката на додатокот на минат труд не е во согласност со КД.

- Согласно решението од 2020 година со кое се утврдува плата, процентот за минат труд е утврден во висина од 10% додека во пресметките за плата во периодот јануари – април е во висина од 8,75% , во периодот мај – јули 9% и во периодот август – септември 9,187%.
- Во пресметките за плата кај организациски директор во периодот февруари – април процентот на висината на минат труд е 0% додека во периодот мај – септември процентот е во висина од 2%.

Медицинскиот директор освен основна плата и минат труд има остварено примања по основ Додаток по основ услови на работа, додатоци на плата - дежурство , вкупно 56 часа во работен ден и за викенд и работа во празник 48 часа. Други примања по основ на додатоци на плата во контролираниот период нема.

Организациски директор освен основна плата и минат труд нема примања по основ додатоци на плата ( дежурство, ноќна работа или работа во недела, прекувремена работа, приправност - активна и пасивна).

Во периодот јануари-септември 2022 година директорите не биле на боледување.

Медицинскиот директор користел годишен одмор во траење од 15 работни дена во периодот од 03.08. - 23.08.2022 година за што е изготвено решение број 0402-2/54 од 01.06.2022 година.

Организациски директор нема користено годишен одмор.

На 04.01.2022 година со бр.0402-12/1, од страна на Управниот одбор е донесена Одлука, со која се одобрува на доц.д-р С.П. отсуство од работа заради учество на конгрес во САД во Карсбад, Калифорнија, во периодот од 10.01.2022 до 21.01.2022 година. За патувањето е изготвен налог за службено патување архивиран на 04.01.2022 година со број 0402-12/2 потпишан од страна на Председател на УО.

На 13.06.2022 година со бр.0402-227/2, од страна на Управниот одбор е донесена Одлука, со која се одобрува на доц.д-р С.П. службено отсаство од работа заради присуство на 32-иот интернационален конгрес на Европската асоцијација на пластични хирурзи кој ќе се одржи во Наполи, Италија во периодот од 26.05.2022 до 28.05.2022 година. За патувањето е изготвен налог за службено патување архивиран на 23.05.2022 година со број 0402-227/2 потпишан од страна на Председател на УО.

**Скопје,**
**25.10.2022 година**

**Директор на сектор за финансиски прашања**
**Миле Сугарев**

______________________

**Финансиски контролори:**

М-р Соња Кузманоска ______________________

дипл. екк. Лиљана Пандиловска ______________________



Фонд за здравствено осигурување на Република Северна МакедонијаАдреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 Скопје Тел/Tel: 02/3289-000
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkupe-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk